# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 18 Мај 2020 година Скопје Бр.4 Год. XV |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ во„Ф1“ Под-програма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2020 година ..........стр.2
2. Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 26.17 Детален урбанистички план за УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров-Скопје..........стр.5
3. Одлука за прифаќање иницијатива за изработка на измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок, Општина Ѓорче Петров ..........стр.7
4. Одлука за приоритет на проектот: “ Набавка на опрема за уредување и одржување на јавни зелени површини во општина Ѓорче Петров” со средства од ГРАНТ за успешност во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) при Министерство за финансии на Република Северна Македонија ..........стр.10
5. Одлука за одобрување финансиски средства на ООУ „Тихомир Милошевски“ - општина Ѓорче Петров за санација на штета ..........стр.12
6. Одлука за давање согласност за неплаќање на надомест за трошоците во ЈОУДГ „Росица“ што паѓа на товар на родителот, за месеците на отсуство на детето од градинка во периодот на траење на вонредната состојба во Република Северна Македонија ..........стр.14
7. Конкурс за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров ..........стр.15


Мај 2020 година

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ во„Ф1“ Под-програма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2020 година**

**Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ во„Ф1“ Под-програма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2020 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и втората седница, одржана на ден 18.05.2020 година.**

**Број 09-1080/1**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02) и член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/19), член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-рата седница одржана на 18.05.2020 година, донесе:**

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф" во„Ф1" Под-програма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2020 година

### Член 1

**Се врши измена и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф" за 2020год„Ф1" Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2020 година, објавена во („Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров број 17/19).**

### Член 2

**Во делот I Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, Трошоци за изготвување на урбанистички планови-табела Расходи, ГРУПА 42- Стоки и услуги, ПОД ГРУПА 4256- Услуги за животна средина и просторно планирање, Основни сметки 42564- Изработка на детални и други урбанистички планови во табела,**

**Во точка 3 алинеја 4 Водење постапки по иницијатива од правни и физички лица за изработка на УП документација и Урбан. Проектна документациии по алинеја -ДУП СЗ 24 (Блокови СЗ 24.01, СЗ 24.02 и СЗ 24.04), се додава нова алинеја**

**„- Изменување и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7, Општина Ѓорче Петров".**

### Член 3

**Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф", во делот „Ф1" Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2020 година, е составен дел на Програмата за урбанистичко планирање „Ф" на Општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

### Член 4

**Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработи пречистен текст на Програмата за урбанистичко планирање „Ф" и Подпрограмата за урбанистичко планирање „Ф 1." на Општина Ѓорче Петров за 2020 година.**

**Член 5**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1021/3**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка**
**за ГП 26.17 Детален урбанистички план за УЗ Дексион**
**Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка за ГП 26.17 Детален урбанистички план за УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и втората седница, одржана на ден 18.05.2020 година.**

**Број 09-1080/2**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002), член 86 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) член 16 став 1 точка 14 од од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 42-рата седница одржана на ден 18.05.2020 година ја донесе следната**

## О Д Л У К А

**за донесување на Техничка исправка за ГП 26.17 Детален урбанистички план за УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за ГП 26.17, Детален урбанистички план за УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров-Скопје со технички бр.117/2019 од февруари 2020, изработена од ИН ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, по издадена Согласност од Министерството за транспорт и врски со бр.24-2235/2 од 10 март 2020 година.**

**Член 2**

**Техничка исправка за ГП 26.17, Детален урбанистички план за УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров-Скопје со технички бр.117/2019 од февруари 2020, изработена од ИН ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија е составен дел на Деталниот урбанистички план УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров-Скопје, донесен со Одлука бр. 07-2762/3 од 16.09.2013год.**

**Член 3**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-1021/4**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за прифаќање иницијатива за изработка на измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле – Блок 7 - Општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за прифаќање иницијатива за изработка на измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7, Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и втората седница, одржана на ден 18.05.2020 година.**

**Број 09-1080/3**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М.бр.5/2002), член 21 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) член 16 став 1 точка 14 од од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 42-рата седница одржана на ден 18.05.2020 година ја донесе следната**

## О Д Л У К А
## за прифаќање иницијатива за изработка на измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7 Општина Ѓорче Петров

### Член 1

**Со оваа Одлука се прифаќа иницијативата со број 26-185/1 од 17.02.2020год. поднесена од Дејан Петровски, за измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7, Општина Ѓорче Петров.**

### Член 2

**Предмет на изработка е измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7, Општина Ѓорче Петров. Површината на планскиот опфат е 20,53ха.**

### Член 3

**За предметниот урбанистички план за измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7, Општина Ѓорче Петров, треба да се води постапка за донесување согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.**

### Член 4

**Иницијативата за постапка за донесување на измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7, Општина Ѓорче Петров, се однесува на овозможување на плански развој со дефинирање на градежни парцели со намена Д3- спорт и рекреација, а со цел изградба на градби за спорт и рекреација за сместување на ергела и пропратни објекти на дел од просторот, во рамки на Блок 7 од УПВНМ Веле Поле, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање .**

### Член 5

**Трошоците за изготвување на планската документација за измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7, Општина Ѓорче Петров, ќе бидат на товар на барателот на иницијативата.**

**Член 6**

**Градоначалникот со Стручните служби од Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, по донесување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за измени и дополнување на УПВНМ Веле Поле,Блок 7, Општина Ѓорче Петров, ќе отпочнат активности согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање, за навремено донесување на потребната документација.**

**Член 7**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-1021/5**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за приоритет на проектот Набавка на опрема за уредување и одржување на јавни зелени површини во општина Ѓорче Петров со средства од ГРАНТ**

**Се објавува Одлуката за приоритет на проектот: " Набавка на опрема за уредување и одржување на јавни зелени површини во општина Ѓорче Петров" со средства од ГРАНТ за успешност во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) при Министерство за финансии на Република Северна Македонија, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и втората седница, одржана на ден 18.05.2020 година.**

**Број 09-1080/4**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 4, член 8 и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (Службен весник на РМ бр.47/06, 86/08,51/2011 и 28/14) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 42-рата седница одржана на 18.05.2020 година, донесе:**

## О Д Л У К А
**за приоритет на проектот: " Набавка на опрема за уредување и одржување на јавни зелени површини во општина Ѓорче Петров"со средства од ГРАНТ за успешност во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) при Министерство за финансии на Република Северна Македонија**

### Член 1
**Со оваа Одлука се одобрува набавка на градежна опрема за уредување и одржување на јавни зелени површини во општина Ѓорче Петров, Скопје.**

### Член 2
**Средствата за набавка на опремата од Член 1 на оваа Одлука се обезбедени од одобрен Грант од Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (МСИП) - Светска банка во висина од 722.625, 00 денари.**

### Член 3
**Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-1021/6**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства**
**на ООУ „Тихомир Милошевски" - општина Ѓорче Петров**
**за санација на штета**

**Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на ООУ „Тихомир Милошевски" - општина Ѓорче Петров за санација на штета од невреме, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и втората седница, одржана на ден 18.05.2020 година.**

**Број 09-1080/5**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002),член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година број 08-4133/23 од 27.12.2019 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.17/2019) и Барањето бр. 05-927/1 од 16.04.2020 година, советот на општина Ѓорче Петров на 42-рата Седница одржана на ден 18.05.2020 година, донесе:**

## О Д Л У К А
## за одобрување финансиски средства на ООУ „Тихомир Милошевски“ - општина Ѓорче Петров за санација на штета

**Член 1**

**Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на ООУ „Тихомир Милошевски“-Општина Ѓорче Петров, за санација на штета настаната од невреме на ден 04.02.2020 година во износ од 149.876,00 денари, а ќе се исплатат по фактура на изведувачите на градежните работи.**

**Член 2**

**Средствата од Член 1 на оваа Одлука се обезбедени од буџетот на општина Ѓорче Петров за 2020 година, Програма- N1 Основно образование - позиција 424210 – Одржување на згради.**

**Член 3**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-1021/7**
**од 18.05.2020 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за неплаќање на надомест за трошоците во ЈОУДГ „Росица“ што паѓа на товар на родителот за месеците на отсуство на детето од градинка во периодот на траење на вонредната состојба во Република С. Македонија**

**Се објавува Одлуката за давање согласност за неплаќање на надомест за трошоците во ЈОУДГ „Росица“ што паѓа на товар на родителот, за месеците на отсуство на детето од градинка во периодот на траење на вонредната состојба во Република Северна Македонија, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и втората седница, одржана на ден 18.05.2020 година.**

**Број 09-1080/6**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 116 став 1 од Законот за заштита на децата (Службен Весник на Р.М. бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл. Весник на РСМ." 104/19, 146/19 и 275/19), а согласно Одлуката за пренесување на основачките права над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите (Службен весник на Р.М. бр. 51/05), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 42-тата седница одржана на ден 18.05.2020 година ја донесе следната**

## О Д Л У К А

**за давање согласност за неплаќање на надомест за трошоците во ЈОУДГ „Росица" што паѓа на товар на родителот, за месеците на отсуство на детето од градинка во периодот на траење на вонредната состојба во Република Северна Македонија**

**Член 1**

**Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, може да ги ослободи од плаќање надоместок за трошоците кои се на товар на родителот, за месеците на отсуство на детето од градинка во периодот на траење на вонредната состојба во Република Северна Македонија.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-1021/8**
**од 18.05.2020 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 18 од Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров, (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2016), Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров објавува:**

**КОНКУРС**
**доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров**

**Наградите, дипломите и пофалниците се доделуваат на учениците и просветните работници поединечно и групно за особени постигнувања и успешни резултати во воспитно-образовната дејност.**

**Советот на Општина Ѓорче Петров ги доделува следните награди:**

**(1) Плакета за Првенец на генерација на Општина Ѓорче Петров за основно образование;**

**Првенец на генерација на Општина Ѓорче Петров за основно образование се избира од редот на Првенците на генерација на основните училишта.**

**Пријавените кандидати треба да достават:**

- **потврда за континуиран одличен успех по сите наставни предмети и примерно поведение во текот на школувањето и**
- **освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија од натпревари по наставни предмети во текот на основното образование.**

***Се приложува и вреднува само највисокото достигнување на ученикот во одредената област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој предмет поединечно за секоја учебна година од I оделение до IX оделение.***

**Учениците пријавите со соодветна документација може да ги доставуваат до општинското основно училиште во кое учат или на e-mail адреса на училиштето:________________________________.**

***Ученикот кој е прогласен за Првенец на генерација на Општина Ѓорче Петров за основно образование добива плакета и награда (часовник, компјутер, лаптоп или др) во вредност од 10.000 ден.***

**(2) Диплома за најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение;**

**Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX оделение на Општина Ѓорче Петров се избира од редот на најдобрите ученици за IV, V, VI, VII, VIII и IX оделение од основните училишта на Општина Ѓорче Петров.**

**Пријавените кандидати треба да достават:**

- **потврда за одличен успех по сите наставни предмети и примерно поведение во тековната учебна година и**
- **освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија од натпревари по наставни предмети во тековната учебна 2019/2020 година.**

***Се приложува и вреднува само највисокото достигнување на ученикот во одредената област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој предмет поединечно за тековната учебна година.***

**Учениците пријавите со соодветна документација може да ги доставуваат до општинското основно училиште во кое учат или на e-mail адреса на училиштето:______________________.**

***Учениците кои се прогласени за најдобри ученици за IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение добиваат посебни дипломи и награди (часовник, таблет, енциклопедија и др ) во вредност од 3.000ден.***

**(3) Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др.**

**Посебна Пофалница за постигнат особен успех во определени области како на пример спортот, музичката или ликовната уметност и др. се доделува поединечно или групно на ученици и/или просветни работници кои постигнале успеси во одредени области, имаат освоено награди, дипломи и признанија и ја промовираат Општината Ѓорче Петров.**

**Пријавените кандидати треба да достават**

- **освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија од натпревари по наставни предмети за тековната учебна 2019/2020 година.**

**Учениците пријавите со соодветна документација може да ги доставуваат до општинското основно училиште во кое учат или на e-mail адреса на училиштето:______________________.**

**Просветните работници пријавите со соодветна документација ги доставуваат до Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров или на e-mail адреса на општината: sovet@opstinagpetrov.gov.mk.**

***Учениците и просветните работници кои добиле посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области добиваат посебна диплома и награда (поврзана со областа за која се наградени) во вредност од 3.000ден.***

**(4) Награда за истакнат просветни работник.**

**Награда за истакнат просветни работник се доделува на вработените (наставниот кадар во предметна и одделенска настава и стручните служби) во основните училишта за постигнат успех во воспитно образовниот процес.**

**Награда за истакнат просветен работник може да се додели на вработен кој има најмалку 3 години работно искуство во образовна институција и на кој последните три години не му била доделена награда за истакнат просветен работник.**

**Пријавените кандидати треба да достават**

- **оцена од последната интегрална евалуација,**
- **оцена добиена од Бирото за развој на образованието,**
- **потврда за учество во проекти на меѓународно, републичко или општинско ниво поддржани од Министрството за образование и наука, Општината или други образовни институции во последните три години,**
- **стекнати сертификати од стручно усовршување, семинари, курсеви и симпозиуми од овластени институции во последните три години,**
- **стекнати сертификати како обучувач или десеминатор во последните три години и**
- **освоени награди, дипломи, пофалници, или признанија како ментор на ученици во последните три години**

*Се вреднува само највисокото достигнување на просветниот работник во одредената област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој секој ученик поединечно на кој наставникот му бил ментор.*

**Просветните работници пријавите со соодветна документација ги доставуваат до Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца при Советот на Општина Ѓорче Петров или на e-mail адреса на општината:sovet@opstinagpetrov.gov.mk.**

**Кандидатите пријавите треба да ги достават во затворен плик на кој треба да стои; За Конкурс за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров.**

***Истакнатиот просветен работник добива плакета и награда во вредност од 15.000ден.***

**Конкурсот трае до 10.06.2020**

**Бр.09-1039 / 1**
**Од 12.05.20220**
**Скопје**

**Комисијата за образование,**
**наука, социјална, здравствена**
**заштита и заштита на деца**
**Советот на Општина Ѓорче Петров**